ОПШТИНА ДОЛНЕНИ
KOMUNA DOLLNEN
Бр./Nr. 03-1042/8
11.07.2018 год./vit.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДОЛНЕНИ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 16 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Долнени, и Годишната програма за изработување на урбанистички планови на Општина Долнени за 2018 година донесена од Советот на Општина Долнени, Градоначалникот на Општина Долнени го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**за организирање на јавна презентација и јавна анкета за Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за уредување на просторот со основна класа на намена А4-времено сместување на КП бр.394/4, КО Новоселани, општина Долнени**

Се организира јавна презентација и јавна анкета за Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за уредување на просторот со основна класа на намена А4-времено сместување на КП бр.394/4, КО Новоселани, општина Долнени и Предлог извештај за стратешка оценка за влијанието на истиот врз животната средина.

Проектниот опфат ја опфаќа КП бр.394/4, КО Новоселани, со вкупна површина од 1606,15 $м^2$ (0,16 ха).

Јавната анкета и јавната презентација за Локална урбанистичка планска документација и јавната презентација и јавната расправа за прелог извештајот ќе се спроведат во просториите на општина Долнени.

Јавната анкета ќе започне по истекот на три работни дена од денот на објавувањето на Соопштението во две јавни гласила, и ќе се одржи во периодот од **20.07.2018г. до 26.07.2018г.**,секој работен ден од 11 до 13 часот и ќе трае **5 работни дена.** Во споменатиот рок, сите заинтересирани граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со Локалната урбанистичка планска документација, можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови, во електронска форма преку системот е-урбанизам или во писмена форма.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот и прелог извештајот ќе се одржи на ден **26.07.2018 година (четврток) во 11 и 12 часот** во просториите на општина Долнени.

**ЏЕМИЛ ЌАМИЛИ/XHEMIL QAMILI**
Градоначалник/Kryetari
ОПШТИНА ДОЛНЕНИ/KOMUNA E DOLLNENIT

Xhemil Qamili

Digitally signed by Xhemil Qamili
DN: cn=Xhemil Qamili, o=Opstina Dolneni, ou=Gradonacalnik, email=qamilixhemil@gmail.com, c=MK
Date: 2018.07.16 09:49:06 +02'00'